Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цените за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини

1.Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цените за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини со бр.02-2057/4 од 14.10.2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јанески с.р.

Образложение

На ден 15.10.2026 година до Претседателот на Советот на Општина Велес од страна на ЈКП „Дервен“ Велес е доставена Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цените за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини со бр.02-2057/4 од 14.10.2026 година.

Согласно член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26): ,,Основачот на јавното претпријатие дава согласност на: Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело”.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот.

ЈКП дервен ВЕЛЕС

ул. „Вардарска“ бб, пош. фах 12, 1400 Велес
Жиро с-ка: **300270000004921**
депонент на Комерцијална банка, Велес
тел: Централа: + 389 43 231 011
Директор: + 389 43 233 434
Факс: + 389 43 222 608
E-mail: info@derven.mk
Web: www.jkp-derven.com.mk

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____
_____ 20 ____ год.
Потпис

До

Претседател на Советот на
Општина Велес

ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 15-10-2026
Орг. ед. | Бр. | Прилог | Вредност
09-4389/1 2

Наш број: 03 - 2063/1

Ваш број:
Датум: 15.10.2026 година

Предмет: Доставување на документи за разгледување на седница на Советот на Општина Велес

Почитувани,

Во прилог Ви ги испраќаме следните документи за разгледување на седница на Советот на Општина Велес:

1. Предлог за дополнување на цени за вршење на хортикултурни услуги во Сектор Паркови и зеленило со Дел.бр. 03-2026/1 од 09.10.2026 година

2. Постоечка Одлука за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини со Дел. бр. 02-1903/5 од 12.11.2024 година

3. Одлука на Управниот одбор на ЈКП Дервен за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини, со Дел. бр. 02-2057/4 од 14.10.2026 година

Горенаведените документи Ви ги испраќаме во електронска и во писмена форма.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Наведените: Одлуката на Управниот одбор на ЈКП Дервен за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини, со Дел. бр. 02-2057/4 од 14.10.2026 година беше донесена од страна на Управниот одбор на ЈКП Дервен на седницата одржана на 14.10.2026 година, а по разгледување на Предлогот за дополнување на цени за вршење на хортикултурни услуги во Сектор Паркови и зеленило со Дел.бр. 03-2026/1 од 09.10.2026 година, во чие Образложене е наведено дека во ценовникот за хортикултурни услуги на ЈКП Дервен потребно е да се додадат наведените услуги кои се неопходни во работниот процес на Сектор Паркови и зеленило, се работат секојдневно, а за нив нема ставки во постоечкиот ценовник за услуги по кои ЈКП Дервен ги наплаќа услугите.

Истите Ви се доставуваат за добивање на согласност од страна на Советот на Општина Велес.

Со почит,

Изработил:
Тодорка Пенкова

ЈКП Дервен
Директор
Дипл. инж. технолог Горанчо Наунчев

Јавно комунално претпријатие ДЕРВЕН Велес

Бр. 03-2026/1
09.10.2026
Велес

До Директор на ЈКП Дервен

До Управен Одбор на ЈКП Дервен

ПРЕДЛОГ

За дополнување на цени за вршење на хортикултурни услуги во Сектор Паркови и зеленило

Да се воведат нови ставки кои се неопходни во работниот процес, се работат секојдневно а нема ставки во Ценовникот или Програмата по кои може да се наплатат:

1	Подигнување декоративни жардиньери	350 ден./ час		
2	Кроење и трупење на ниски гранки и дрвја	350 ден./час		
3	Наводнување на парковски и зелени површини	300 ден./час		
4	Наводнување на цветни површини, дрвореди, жардиньери и цветни конструкции со приклучна машина на трактор – атомизер	1.900 ден./час		

Сектор Паркови и зеленило
Раководител
Дипл.инг.Татјана Петровска

ЈКП Комунално претпријатие ДЕРВЕН Велес

08.10.2026

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

1. Подигнување на декоративни жардињери

Подигнување на декоративни жардињери преставува неопходна мерка за унапредување на хортикултурното уредување, подобрување на условите за одржување и зачувување на квалитетот и естетскиот изглед на јавните површини. Поточно, со подигнување на жардињерите се овозможува подобра заштита на хоертикултурните садници и цвеќе од оштетувања предизвикани од кучиња и други надворешни влијанија, како и полесен пристап за редовно одржување, прихрана и користење на квалитетен хортикултурен супстрат со што се подобруваат условите за раст и развој на растенијата.

2. Кроење и трупење на ниски гранки и дрва

Оваа услуга се предлага со цел да се обезбеди правилно одржување на дрвјата на јавните зелени површини, подобрување на нивната здравствена состојба, зачувување на нивниот декоративен изглед, зголемување на безбедноста на пешаците и учесниците во сообраќајот и се минимализира попречувањето на пешачките патеки, улиците, сообраќајната сигнализација и уличното осветлување.

3. Наводнување на парковски и зелени површини

Наводнувањето на парковските и зелени површини преставува една од основните мерки за одржување на урбаното зеленило, зачувување на здравствената состојба на растителниот фонд и обезбедување оптимални услови за раст и развој на тревниците, дрвјата, цвеќето, грмушките и другите хортикултурни садници. Со оглед на големината и распространетоста на парковските и зелените површини, пуштањето во употреба и одржувањето на системите за наводнување преставува континуирана работна активност која опфаќа редовно активирање и контрола на системите како и приспособување на режимот на наводнување согласно временските услови и потребите на растенијата.


4. Наводнување на цветни површини, дрвореди, жардињери и цветни конструкции со приклучна машина на трактор – атомизер трактор –

Со ангажирање на трактор со приклучна машина – атомизер се овозможува ефикасно и навремено снадбување со вода на повеќе локации во градот, особено на површини каде што нема изградено

систем за автоматско наводнување. Ова е особено значајно за новозасадените дрвја, сезонските цветни садници, растенијата во жардиниери и вертикалните цветни конструкции кои поради ограниченият простор за развој на кореновиот систем и помалата количина на супстрат се изложени на побрзо губење на влага и зголемен ризик од сушење.

Предложените цени за сите позиции утврдени се врз основа на потребниот работен ангажман,трошоците за работна сила, користењето на потребната опрема и механизација, транспортните трошоци и другите непосредни трошоци поврзани со извршувањето на услугата.

Сектор Паркови и зеленило
Раководител
Дипл.инг.Татјана Петровска



Бр. 02-1903/5
12.11.2024 год.
Велес

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Рок на чување: 29

Врз основа на член 19, став 2, точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 22 од Статутот на ЈКП ДЕРВЕН-Велес, Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 12.11.2024 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат цените за вршење на хортикултурни услуги од страна на Сектор „ Паркови и зеленило" при ЈКП Дервен, по работни операции, согласно годишната Програма за уредување и одржување на градското зеленило и годишната Програма за подигнување на нови зелени површини, без пресметан ДДВ.

Член 2

Цените на услугите изнесуваат:

Ред. бр.	Вид на работа	Ед. мерка	Цена во денари
	Подготовка и уредување на зелени површини		
	Подготвителни работи		
1.	Рачен ископ на земја	$м^3$	578
2.	Стругање на стар тревник со д = 5 - 8 см.	$м^2$	36
3.	Машинско грубо планирање на површ.	$м^2$	35
4.	Машинско фино планирање на површ.	$м^2$	20
5.	Орање на површината со трактор	$м^2$	4
6.	Фрезирање на површината	$м^2$	6
7.	Рачно грубо планирање на површ.	$м^2$	66
8.	Рачно фино планирање на површ.	$м^2$	30
9.	Сеење, грабулање и валирање на тревно семе	$м^2$	48
	Садење на дрва и грмушки		
10.	Копање на дупки за садење на садници	бр.	130
11.	Садење на листопадни дрвја		
	со пречник на стебло од 3 - 4 см.	бр.	140
	со пречник на стебло од 4 - 5 см.	бр.	230
12.	Садење на зимзелени дрва и грмушки		
	со пречник на бусен до 30 см.	бр.	130
	со пречник до 60 - 70 см.	бр.	170
13.	Садење на листопадни грмушки	бр.	50

14.	Садење на рози	бр.	20
15.	Садење на перени	бр.	7
	Одржување на зеленило		
	Машинско косење		
16.	Машинско косење	м²	1,5
17.	Машинско косење со самоодна рачна косилка	м²	2,5
18.	Машинско косење со самоодна машина	м²	4
19.	Машинско косење со приклучна косилка за трактор	м²	
	- висина на трева до 0,70 м	м²	0,5
	- висина на трева над 0,70 м	м²	0,95
20.	Собирање на трева	м²	1,8
21.	Рачен утовар на искосена трева	м²	0,07
	Наводнување		
22.	Рачно полевање на зелени површини	м²	0,95
23.	Полевање на зелени површини со распрскувач	м²	0,3
	Садење и одржување сезонско цвеќе		
24.	Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење	м²	50
25.	Садење сезонско цвеќе	м²	23,3
26.	Одржување на корита и жардињери		
	-полевање		0,48
	-плевење		15,93
	-прашење		30
		м²	
27.	Прихрана на цвеќе во цветни леи	м²	10
28.	Фитозаштита на цвеќе во цветни леи	м²	10,25
	Одржување на грмушки и садници		
29.	Прихрана на садници	бр.	15,93
30.	Окопување на дрвја, покривачи, грмушки и др. садници	бр.	15,93
31.	Окопување жива ограда	м²	14,34
32.	Кроење жива ограда	м²	11
33.	Кроење на рози и цветни грмушки	м²	15
34.	Кроење на зимзелени грмушки		
	кроење на зимзелени садници до 0.70 м	бр.	25
	кроење на зимзелени садници до 1,50 м	бр.	80
	кроење на зимзелени садници до 2,50 м	бр.	230
35.	Фито заштита на садници	бр.	15,93
	Собирање на лист		
36.	Греблање на лисја - рачно	м²	1,8

37.	Собирање на лисја со дувалка од тревни површини	м²	2
38.	Собирање на лисја со колектор од тревни површини	м²	4
39.	Рачен утовар на лисја	м²	0,22
	Одржување на патеки и зелени површини		
40.	Метење на патеки	м²	0,29
41.	Машинско чистење на патеки со дувалка	м²	2
42.	Стругање плевел по патеки	м²	7,81
43.	Чистење на тревник со гребули и отстранување на отпадоци	м²	3,2
44.	Сечење ивици по парковски патеки	м²	2,93
45.	Уништување коров со хербициди по патеки	м².	10,25
46.	Прихранување на тревни површини	м².	0,18
47.	Одржување на парковски базент	бр.	1.764,00
48.	Поправка на парковски мостови	бр.	2.066
49.	Собирање на хартија и отпадоци	м²	0,06
	Деградирани дрва		
50.	Сечење на суви гранки	бр.	81,2
51.	Сечење на диви грмушки со пречник до 3 см. густо обраснати	м²	20
52.	Сечење на дрвја со претпазливост од непрекинат сообраќај со пречник до ф 30	бр.	1.200
53.	Сечење на дрвја со претпазливост од непрекинат сообраќај со пречник над ф 30	бр.	2.500
54.	Машинско дробење на гранки	час	700
	Одржување на висечки жардињери		
55.	Припрема на жардињери за садење	бр.	200
56.	Садење на цветен расад во жард.	бр	150
57.	Рачно полевање на жардињери	бр.	25
58.	Фитозаштита на жардињери	бр.	80
59.	Прихрана на жардињери	бр.	40
60.	Монтажа на жардињери на канделабри со употреба на дигалка- кран со корпа и транспорт	бр.	400
61.	Демонтажа на жардињери на канделабри со употреба на дигалка- кран со корпа и транспорт	бр.	400
62.	Одржување на систем за наводнување	час	300

Член 3

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.02-498/7 од 06.03.2018 година и Одлуката за изменивање на оваа Одлука со бр.02-163/4 од 24.01.2020 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила по добивање на согласност од страна на Советот на Општина Велес.

ДОСТАВЕНО ДО:
-Совет На Општина Велес
-Сектор Паркови и зеленило
-Архива
-Списи на У.О.

Зам.ПРЕТСЕДАТЕЛ на У.О.
на ЈКП ДЕРВЕН-Велес
Дипл.екон.Маја Демерџиева

ЈКП ДЕРВЕН Велес

Јавно комунално претпријатие
ДЕРВЕН
Бр. 02-2057/4
14.10 2026 год.
Велес

Врз основа на член 19 став (2) точка 7 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 89/2022, 274/2022, 208/2024, 193/2025 и 96/2026), Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ – Велес, на седницата одржана на ден 14.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини

Член 1

Во Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги бр.02-1903/5 од 12.11.2024 година, во членот 2 во Табелата, по точката со реден број 9 се додава нова точка со реден број 9-а кој гласи:

9-а.	Подигнување декоративни жардињери	час	350

Член 2

По точката со реден број 23 се додаваат две нови точки со реден број 23-а и 23-б кои гласат:

23-а.	Наводнување на парковски и зелени површини	час	300
23-б.	Наводнување на цветни површини, дрвореди, жардињери и цветни конструкции со приклучна машина на трактор-атомизер	час	1.900

Член 3

По точката со реден број 54 се додава нова точка со реден број 54-а која гласи:

54-а.	Кроење и трупење на ниски гранки	час	350

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила по добивање на согласност од страна на Советот на Општина Велес.

Претседател
на Управниот одбор,
Емилија Андовска

Јавно комунално претпријатие ДЕРВЕН Велес

ДОСТАВЕНО ДО:
- Совет На Општина Велес;
- Сектор Паркови и зеленило;
- Архива;
- Списи на У.О. ;